# ДОГОВОР ЗА ЛИЦЕНЦА

**во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку кабелските оператори во Македонија**
**2011-2015 година**

**1. Колективната организација AGICOA 1, rue Pestalozzi, CH- 1202 Geneve, Switzerland**, претставувано од Директорот за Легални и Бизнис Работи, Г-дин Helmut Koszuszeck

**2. Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП**, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 28, Скопје, Македонија, претставувано од Генерален Директор, Г-дин Зоран Васковски, во случајот делува во името на CISAC- организацијата,

- горенаведените страни во понатамошниот текст наведени како "иматели на права"-

за целите на овој договор, сите страни делуваат заеднички, како и индивидуално, во нивен личен интерес

и

3. ________________________________________________**,** ____________________,
претставуван од ________________________,
________________________________________________________
во натамошниот текст Кабелски Оператор

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД ДЕКА**

- Македонскиот Кабелски Оператор, член на МКНЕТ, склучил договор за лиценца за кабелско реемитување за EBU и VG Media каналите во Македонија за 2008-2010 година;

- Македонскиот Кабелски Оператор, член на МКНЕТ, склучил договор за лиценца за кабелско реемитување за каналите кои не се на EBU и VG Media во Македонија за 2008-2010 година;

- ЗАМП и AGICOA и македонскиот Кабелски оператор кој е член на МКНЕТ имаат волја за продолжување на нивната соработка и склучуваат нов Лиценцен Договор за реемитување на каналите кои не се на EBU и VG Media во Македонија за 2011-2015 година.

- МКНЕТ, делувајќи како колективна организација на кабелските оператори во Македонија, ополномоштена од кабелските оператори да преговара во нивно име и да склучува договори за лиценца во врска со реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media.

- Директивата на Европскиот Совет 93/83/СЕ за сателитско емитување и кабелско реемитување условува дека правата за кабелско реемитување треба да се спроведуваат преку Организациите за колективна заштита, со исклучок на правата застапени од радиодифузерите, кои ги спроведуваат радиодифузерските организации како такви;

- AGICOA и ЗАМП, делувајќи во името на нивните членови на колективна основа, се ополномоштени од нивните членови да одобрат или да одбијат овластување за дистрибуција на нивните дела содржани во овие ТВ канали со симултано, непроменливо и неограничено кабелско реемитување на територијата на Македонија;

- Кабелските оператори бараат овластување додека трае договорот да реемитуваат дела застапувани од AGICOA и ЗАМП и содржани во ТВ каналите кои се наведени во Прилог 1 и 2;

- Кабелскиот оператор е должен да побара дозвола од радиодифузерите со цел да реемитува сигнал од програмите наведени во Прилог 1 и 2. Ова вклучува и здобивање на потребните предавателски права се додека се тие во сопственост или добиени од радиодифузерите. Кабелските оператори се исто така одговорни за додатното стекнување на сите жанрови од колективно спроведените реемитувачки права, кои не се задржани од AGICOA или ЗАМП.

- Кабелските оператори планираат да спроведат дигитално реемитување на ТВ каналите ("дигитално реемитување");

- Од перспектива на авторските права, аналогното и дигиталното реемитување на ТВ каналите се состои од различни употреби на истиот авторизиран материјал, во овој договор содржи само дозвола за аналогно реемитување, дигитално реемитување и паралелно аналогно и дигитално реемитување;

- Дозволата дадена под условите на овој договор особено не ги предвидува јавните прикажувања во кантини и продажни места, кафулиња, ресторани, хотели и други простори отворени за јавноста, за програмите и делата содржани таму кои се реемитувани од страна на кабелски оператор.

**СТРАНИТЕ ГО ПОСТИГНАА СЛЕДНИОВ ДОГОВОР:**

**Член 1**

1. AGICOA и ЗАМП со ова му дозволуваат на кабелскиот оператор, неексклузивно право за реемитување кон неговите претплатници на програми и дела застапувани од страна на AGICOA и ЗАМП, кои се содржани во ТВ каналите наведени во Прилогот 1 од овој Договор.

2. ЗАМП со ова му дозволува на Кабелскиот оператор, неексклузивно право за реемитување кон неговите претплатници на дела застапувани од ЗАМП и содржани во ТВ каналите наведени во Прилогот 2 од овој Договор.

3. Кабелскиот оператор кој е член на МК НЕТ го прифаќа овластувањето кое се однесува на ставот 1 и 2 од овој член.

4. Горенаведената лиценца предвидува кабелско реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 и 2, почнувајќи од 1 Јануари 2011. AGICOA и ЗАМП ќе ги одбијат сите тужби против кабелските оператори, во врска со реемитувањето на ТВ каналите назначени во Прилог 1 и 2 пред горенаведениот датум.

5. Кабелскиот оператор не може да ги пренесе правата добиени од овој договор на трето лице ниту да ги замени со трето лице, целосно или делумно, освен во случај на претходно потпишана дозвола од страна на имателите на права.

**Член 2**

1. Реемитувањето на програмите на телевизиските станици и аудиовизуелните дела, на кои се однесува овој договор, мора да биде симултано, непроменливо и неограничено, без додатоци или измени.

2. Со цел да се направи јасен идентитетот на различните програми, кабелскиот оператор во принцип ќе доделува одреден канал за реемитување на програмите за секоја телевизиска станица. Ќе ги информира претплатниците за одлуките по ова прашање.

**Член 3**

На кабелскиот оператор не му е дозволено да превзема снимки на делата содржани во програмите покриени со овој Договор.

**Член 4**

1. AGICOA и ЗАМП го задржуваат правото за забрана во исклучителни случаи за реемитување на одредени програмски делови. Ова право ќе биде спроведено во случај на објективна и апсолутна потреба со цел да се избегнат сериозни и долгорочни повредувања на интересите на AGICOA и ЗАМП или да се заштитат правата на трети лица засегнати од содржината на програмата.

2. Секое такво отповикување на дозволата мора да биде соопштено, заедно со писмена изјава за причините на таквото отповикување на МКНЕТ и неговите членови кабелските оператори, најмалку 96 часа пред закажаното реемитување. Отповикувањето на авторизацијата од страна на носителите на авторски права не треба да биде над 1% од годишното траење на реемитувањето.

**Член 5**

1. Се додека правата за реемитување не се задржани од радиодифузерите, AGICOA гарантира заштита на кабелскиот оператор од жалбите на продуцентите на аудиовизуелните дела во однос на реемитувањето на нивните дела содржани во ТВ каналите кои се наведени во Прилог 1. Во случај правата да не се задржани од радиодифузерите, AGICOA им гарантира заштита на кабелските оператори од било какви жалби на продуцентите на оние аудиовизуелни дела кои се независно

продуцирани и спаѓаат во репертоарот на AGICOA, како што се филмови, долгометражни филмови, ТВ серии, документарци и кратки филмови. Поради јасноста на правата за реемитување за спортските настани, тие спаѓаат во категоријата програми чии права се задржани од радиодифузерите.

2. ЗАМП им гарантира заштита на кабелските оператори од било какви жалби од композиторите на музички дела, со или без текст, композитори на драмски и музичко- драмски дела, кога се користат делови кои не претставуваат драматуршка целина, текстописци на музички дела со текст, аранжери на музички дела, преведувачи на текст во музички дела со текст, права на композитори, текстописци и аранжери на филмска музика, како и права на композитори, текстописци, аранжери и преведувачи на постоечки музички дела синхронизирани со кинематографски или аудиовизуелни дела, се додека нивните барања се поврзани со реемитување на нивните дела содржани на ТВ каналите кои се наведени во Прилог 1 и 2.

3. Степенот на обештетување кој се однесува на претходните ставови ќе биде ограничен на сума која ќе биде наплатена за страната која поднесува барање за користење на соодветното дело од истиот тип на спорното дело, доколку таа страна е застапувана од AGICOA или ЗАМП. Освен тоа, обештетувањето ќе биде ограничена на барања поднесени најмногу по три години откако делото или програмата биле реемитувани.

4. Доколку кабелскиот оператор биде тужен од трето лице, имателите на права ќе ги превземат судските трошоци на кабелскиот оператор. Оштетата е задолжителна само ако кабелскиот оператор успеал да го соопшти барањето од третото лице на ЗАМП веднаш. Дополнително, имателите на права ќе обезбедат адвокат и ќе ги подмират трошоците за одбраната на суд и на кабелските оператори и на имателите на правата против трето лице.

5. Доколку кабелските оператори сакаат да потпишат спогодбен Договор со трета страна, обештетувањето што е споменато во претходните точки е задолжително само ако имателите на авторски права ги одобрат условите на овој спогодбен Договор.

**Член 6**

1. AGICOA и ЗАМП имаат право да ја прекинат дозволата со брза одлука, во однос на кабелските оператори кои не успеале да ги испочитуваат обврските од овој договор, првенствено (особено) обврската да се плати надоместок, предвиден во Член 8 од овој договор. Воедно, радиодифузните организации ќе имаат право да го прекинат договорот соодветно на нивната програма, со брза одлука во исклучителни случаи кога истовременото, непроменетото и неограниченото реемитување на одредени програми е побарано од страна на поедини радиодифузни организации поради легални или економски причини.

2. Воедно, AGICOA и ЗАМП имаат право да го прекинат овој договор во однос на кабелските оператори со известување еден месец порано, на крајот на кварталот.

3. Правото да се бара оштета, во случајов, не е одредено со законските одредби наведени во претходните ставови.

**Член 7**

AGICOA и ЗАМП на никој начин не се одговорни за реемитувањето од страна на кабелските оператори на програмите емитувани преку телевизиските станици наведени во овој договор. AGICOA и ЗАМП не можат да бидат сметани за должни или одговорни од страна на кабелските оператори за легалните постапки иницирани од лица или легални ентитети кои претрпеле штета или зло како резултат на гореспоменатото реемитување.

**Член 8**

1. Кабелскиот оператор ќе плати надомест, одреден подолу, на AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 од овој Договор. Надоместокот ќе зависи од: а) бројот на ТВ канали, назначени во Прилог 1, кои кабелскиот оператор ги реемитува, ТВ каналите од првиот ден на секое календарски квартал, б) од бројот на претплатници на овие ТВ канали и в) поединечна цена по ТВ канал, кумулативно пресметана за вкупниот број на реемитрирани ТВ канали, согласно табелата подолу.

Пресметката ќе биде спроведена на следниот начин:

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 1 како додаток на GLA TB каналите | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| до 5 | 10% | 0.2466 | 0.2589 | 0.2718 | 0.2854 | 0.2997 |
| од 6 до 10 | 20% | 0.2192 | 0.2301 | 0.2416 | 0.2537 | 0.2664 |
| од 11 до 15 | 30% | 0.1918 | 0.2014 | 0.2115 | 0.2221 | 0.2332 |
| од 16 до 20 | 40% | 0.1644 | 0.1726 | 0.1812 | 0.1903 | 0.1998 |
| од 21 до 25 | 50% | 0.1370 | 0.1438 | 0.1510 | 0.1585 | 0.1664 |
| од 26 до 30 | 60% | 0.1096 | 0.1151 | 0.1208 | 0.1268 | 0.1331 |
| од 31 до 35 | 70% | 0.0822 | 0.0863 | 0.0906 | 0.0951 | 0.0998 |
| од 36 до 40 | 80% | 0.0548 | 0.0575 | 0.0604 | 0.0634 | 0.0665 |
| од 41-виот и сите следни ТВ канали | 90% | 0.0274 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0288 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0302 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0317 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0333 цена за секој дополнителен ТВ канал |

Горенаведените тарифи го вклучуваат попустот од 10% за кабелските оператори членови на МК НЕТ.

2. Кабелскиот оператор ќе плати надомест на ЗАМП, прецизиран подолу, за реемитување на ТВ каналите наведени во прилог 2 од овој Договор (музички канали без репертоар на AGICOA). Надоместокот зависи од а) бројот на ТВ канали, назначени во Прилог 2, кои кабелскиот оператор ги реемитува, ТВ каналите од првиот ден на секое календарски квартал, б) од бројот на претплатници на овие ТВ канали и в) поединечна цена по ТВ канал, кумулативно пресметана за вкупниот број на реемитрирани ТВ канали, согласно табелата подолу.
Пресметката ќе биде спроведена на следниов начин:

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 2, како додаток на GLA | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| за 1 до 3 | 10% | 0.0950 | 0.0998 | 0.1048 | 0.1100 | 0.1155 |
| за 4 до 6 | 20% | 0.0845 | 0.0887 | 0.0931 | 0.0978 | 0.1027 |
| за 7 до 9 | 30% | 0.0739 | 0.0776 | 0.0815 | 0.0856 | 0.0899 |
| за 10-тиот и секој нареден ТВ канал | 50% | 0.0528 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0554 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0582 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0611 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0642 цена за дополнителен ТВ канал |

Горенаведените тарифи го вклучуваат попустот од 10% за кабелските оператори членови на МК НЕТ.

3. Со оглед на специфичноста на актуелната економска ситуација на кабелските оператори во Македонија, носителите на авторски права се подготвени да не ги применат горенаведените тарифи за периодот 2011-2015 година, туку да им овозможат на кабелските оператори дополнителни попусти редуцирајќи ги наведените тарифи на следниот начин:

Распределбата која е прикажана се однесува на плаќањето кое треба да се изврши кон AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилогот 1 од овој Договор.

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 1 како додаток на GLA ТВ каналите | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) **45%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) **42.75%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) **40.61%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) **38.58%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) **36.65%** дополнителен попуст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| до 5 | 10% | 0.1356 | 0.1482 | 0.1614 | 0.1753 | 0.1899 |
| од 6 до 10 | 20% | 0.1206 | 0.1317 | 0.1435 | 0.1558 | 0.1688 |
| од 11 до 15 | 30% | 0.1055 | 0.1153 | 0.1256 | 0.1364 | 0.1477 |
| од 16 до 20 | 40% | 0.0904 | 0.0988 | 0.1076 | 0.1169 | 0.1266 |
| од 21 до 25 | 50% | 0.0753 | 0.0823 | 0.0897 | 0.0974 | 0.1054 |
| од 26 до 30 | 60% | 0.0603 | 0.0659 | 0.0717 | 0.0779 | 0.0843 |
| од 31 до 35 | 70% | 0.0452 | 0.0494 | 0.0538 | 0.0584 | 0.0632 |
| од 36 до 40 | 80% | 0.0301 | 0.0329 | 0.0359 | 0.0389 | 0.0421 |
| од 41-виот и сите следни ТВ канали | 90% | 0.0151 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0165 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0179 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0195 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0211 цена за секој дополнителен ТВ канал |

Следната распределба која е прикажана се однесува на плаќањето кое треба да се изврши кон AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилогот 2 од овој Договор (музички ТВ канали без репертоар на AGICOA).

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 2, како додаток на GLA | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) **45%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) **42.75%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) **40.61%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) **38.58%** дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) **36.65%** дополнителен попуст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| за 1 до 3 | 10% | 0.0523 | 0.0571 | 0.0622 | 0.0676 | 0.0732 |
| за 4 до 6 | 20% | 0.0465 | 0.0508 | 0.0553 | 0.0600 | 0.0650 |
| за 7 до 9 | 30% | 0.0406 | 0.0444 | 0.0484 | 0.0526 | 0.0569 |
| за 10-тиот и секој нареден ТВ канал | 50% | 0.0290 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0317 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0346 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0375 цена за дополнителен ТВ канал | 0.0406 цена за дополнителен ТВ канал |

4. Горенаведените големи попусти се доделени на оние кабелски оператори кои го склучиле и го почитуваат договорот со EBU, VG Media, AGICOA и ЗАМП за реемитување на EBU и VG Media ТВ каналите. Горенаведените квантитативни попусти се условени од фактот дека именуваните кабелски оператори реемитуваат ТВ канали наведени во Прилогот 1 и 2, како додаток на EBU и VG media ТВ каналите. Целосната тарифа, без никаков попуст, ќе се однесува на оние кабелски оператори кои не реемитуваат VGMedia и EBU ТВ канали или кои не го почитуваат соодветниот договор за лиценца.

5. Горенаведените тарифи се валидни за аналогно реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 и Прилог 2.

6. Ако кабелските оператори се префрлат од аналогно на дигитално реемитување за сите претплатници и за сите претходно реемитувани ТВ канали во истото време, горенаведените тарифи се валидни за дигиталното реемитување.

Но, ако во споредба со аналогната понуда, бројот на дигитално реемитувани ТВ канали кои не се на EBU или на VG Media или тоталниот број на дигитални претплатници опадне за време на три месеци по префрлувањето на дигитално реемитување, кабелските оператори и имателите на права ќе преговараат за зголемување на тарифите за дигитално реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок. Ако при префрлувањето од аналогно кон дигитално реемитување се зголеми бројот на претплатници, повторно ќе се премине кон преговори за воведување на дополнителни попусти.

7. Ако во времето на извесен транзициски период кабелските оператори продолжат со паралелно аналогно и дигитално реемитување, горенаведените тарифи ќе се однесуваат и на аналогното и на дигиталното реемитување. Но, ако вкупниот број на претплатници или вкупниот број на реемитувани ТВ канали на EBU или VG Media опадне во споредба со исклучиво аналогното реемитување во транзициониот период, кабелскиот оператор и имателите на права ќе преговараат за зголемување на тарифите и за аналогното и за дигиталното реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок.

Ако на крајот од транзицискиот период бројот на дигитални претплатници на гореспоменатите ТВ канали или бројот на реемитувани ТВ канали на EBU и VG Media е помал од бројот на претплатници или реемитувани ТВ канали во последниот месец со исклучиво аналогно реемитување, кабелските оператори членови на МК НЕТ и имателите на права ќе преговараат да се зголемат тарифите за дигитално реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок.

8. Прекинувањето на реемитувањето поради технички причини или пак намалувањето на квалитетот на реемитување кои зависат од одредена радиодифузна корпорација, нема да влијаат на сумата која треба да се плати согласно со овој Договор, освен ако тоа прекинување не доведе до редуцирање на плаќањето од страна на претплатниците на кабелските оператори.
Без предрасуди за условите на овој Договор, прекините на реемитувањето на програмата, како што е наведено во чл. 4 од овој Договор, нема да има никакво

влијание на тоталната сума која се спомнува во чл. 8 од овој Договор, освен ако траењето на пречките во една година надминува 1% од вкупното времетраење на реемитувањето на дадениот ТВ канал. За таа цел, бројот на часови во кои програмата е затемнета надмине 90 часа, ќе се стави во соодност со годишното времетраење на дадениот ТВ канал. Овој сооднос ќе ја одредува вкупната сума која ќе биде одземена од годишната сума за плаќање за реемитување на одредениот ТВ канал. Сумата ќе биде одземена од првата фактура која ќе биде доставена на крајот на календарската година во која спаѓа и затемнувањето на реемитуваната програма.

9. Доколку, во моментот кога е востановено дека имателите на права дозволуваат на други Македонски преносни оператори (оператори на сателитски платформи, оператори на АДСЛ платформи и др.) - кои како кабелските оператори членови на МКНЕТ се вклучени во истовремено, непроменливо и неограничено реемитување на ТВ канали - да ги користат правата за реемитување од имателите на права во многу поповолни услови отколку назначените во овој договор, имателите на права во истиот момент писмено ќе ги известат кабелските оператори членови на МКНЕТ. Во тој случј МКНЕТ и имателите на права ќе преговараат со добра волја за отстранување на дискриминацијата и стремеж да се постигне целосен договор во врска со новите услови.

10. Страните ќе почнат повторни преговори за тарифите за 2016 година и понатаму, во јули 2015.

**Член 9**

1. AGICOA и ЗАМП го назначуваат ЗАМП за нивен претставник во Македонија, кој ќе го координира плаќањето на надоместокот од секој кабелски оператор кој е опфатен во овој договор. AGICOA и ЗАМП можат да го сменат нивниот претставник со праќање на известување на кабелските оператори две недели однапред.

2. Износот треба да се исплаќа секој квартал од годината, најдоцна до 15-тиот дена од следниот месец. Имателите на права или нивниот преставник ќе издаде фактура најдоцна до првиот ден од месецот на кој се однесува плаќањето. Фактурата е пресметана врз основа на бројот на претплатници и бројот на реемитувани ТВ канали на првиот ден од месецот на кој се однесува плаќањето. Плаќањето ќе се извршува квартално и тоа 8 дена по добивањето на фактурата.

3. Ако кабелскиот оператор не го платил надоместокот во дадениот рок од 8 дена по добивањето на фактурата, кабелскиот оператор се обврзува да плати затезна камата без дополнително потсетување. Ова не се однесува на одложувања поради задоцнето издавање на фактура, при што плаќањето мора да биде реализирано 8 дена по добивањето на истата.

4. Ако кабелските оператори кои се вклучни во овој договор престанат со реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 и 2, во текот на еден квартал, надоместокот останува до крајот на тој квартал. Пресметката на надоместокот е базирана на бројот на реемитувани ТВ канали на почетокот од последниот месец на реемитување.

Без оглед на условите од овој Договор, прекините на програмата како што е појаснето во точка 4 од овој член, нема да имаат влијание врз крајната сума која е утврдена со точка 8 од овој член.

5. Под сегашните закони за данок на овие територии, прецизираните тарифи не се подложни на даноците, посебно даноците за продажба и ДДВ. Во случај на законска промена на данокот, имателите на права го задржуваат правото да ги додадат тие даноци. Но, во овој случај имателите на права ќе се обидат да дадат напор да се минимизираат даночните наплати на кабелскиот оператор. Било кој друг данок, надоместок, итн.., предвиден од властите во Македонија, мора да биде покриен од страна на кабелскиот оператор.
Копија од од државната дозвола за ослободување на ЗАМП од пресметување на ДДВ е во прилог на овој договор како Прилог 3.

**Член 10**

1. Кабелскиот оператор ќе ги достави до AGICOA и ЗАМП или нивниот претставник сите потребни информации за спроведување на договорот и пресметката на надоместокот кој се исплаќа на имателите на права.
Кабелскиот оператор ќе ги достави AGICOA и ЗАМП или нивниот претставник бројот на реемитувани ТВ канали и со бројот на домаќинства со Кабловска ТВ кои можат да ги примат ТВ каналите кои се наведени во Прилог 1 и 2.

Горенаведената размена на информации ќе се спроведува во секој квартал од годината, заклучно со информациите валидни на 1-виот ден од 1-виот месец на соодветниот квартал од годината, најдоцна до 15-тиот ден од месецот.

2. Ако кабелските оператори не успеат да ги снабдат имателите на права со бројот на претплатници во дадениот месец, имателите на права или нивниот претставник се овластени да го пресметаат надоместокот врз база на цифрите кои ги добиле претходниот месец со пораст од 10%. Сепак, тие остануваат овластени да бараат точен број на претплатници за дадениот месец.

3. AGICOA и ЗАМП или нивниот претставник имат право во секое време да побараат информации за бројот на претплатници и реемитувани ТВ канали. Тие исто така имаат право да направат физички увид во бројот на претплатници и бројот на реемитувани ТВ канали на терен. Ако проверката открие дека кабловкиот оператор не дал точни информации за реемитираните ТВ канали кои спаѓаат во овој договор или ако борјот на претплатници надминува 5% од бројот даден од кабелскиот оператор, трошоците за верификација ќе ги сноси кабелскиот оператор.

4. Кабелските оператори ќе ги известат писмено десет дена по потпишувањето на договорот, вклучувајќи го и додатниот договор, имателите на права или нивниот претставник за составот на ТВ програмскиот пакет кој е понуден на нивните претплатници. Ако се изврши измена во пакетот по таа дата, кабелските оператори ќе ги известат писмено имателите на права или нивниот претставник веднаш кога ќе се случат промените.

5. Според член 85 од Законот за авторското право и сродни права на Македонија, еднаш годишно, претставникот на имателите на авторски права ЗАМП може да побара потврда за овие информации. Ако една од потпишаните страни на овој

Договор не се согласува со резултатите од оваа проверка која е направена од страна на ЗАМП, тогаш проверката ќе биде направена од страна на независна ревизорска куќа. Трошоците треба да ги сноси кабелскиот оператор ако ревизијата резултира со дополнителен износ за имателите на права повеќе од 5%. Имателите на права или нивниот претставник можат да побараат ревизија повеќе од еднаш годишно. Но, трошоците од дополнителната ревизија ќе ги сносат имателите на права доколку кабелскиот оператор не ги спроведува делумно или во целост обврските од овој договор.

**Член 11**

1. Овој договор ќе стапи на сила на 01 Јануари 2011.

2. Овој договор важи до 31-ви Декември 2015. По оваа дата, договорот автоматски ќе се обнови за период од една календарска година, освен ако не е прекинат од било која страна со писмено известување најмалку три месеци пред прекинувањето на договорот.

**Член 12**

Секоја од страните овој договор ќе го третира како доверлива информација во однос на друго лице кое може да биде информирано во врска со исполнувањето на овој договор и се обврзува да не информира за истиот трети лица, освен во случај кога споменатата информација мора да биде дадена под правна или легална обврска.

**Член 13**

Овој договор е регулиран според Законот на Македонија. Секое оспорување во врска со договорот, доколку не може да се разреши, ќе биде насочено кон надлежните судови во Македонија, освен во случај кога страните преферираат да го препуштат спорот на поинаков надлежен суд или помирување.

Овој договор е направен во двојазична форма, и на Македонски и на Англиски јазик. Страните се согласни дека во интерпретацијата на договорот, само Англиската верзија е правно обврзна и преовладува.

**Член 14**

Овој договор е склучен помеѓу горенаведените страни на ______ 2011 година.

______________________          ________________________

Г-дин Зоран Васковски          Г-дин Helmut Koszuszeck

ЗАМП          AGICOA

___________________________

Г-_____________________

______________________________

Прилог 1: Листа на ТВ канали застапувани од AGICOA и ЗАМП
Прилог 2: Листа на ТВ канали застапувани од ЗАМП
Прилог 3: Државна дозвола за ослободување на ЗАМП од пресметување на ДДВ